ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ДОГОВОР за акредитација

# Contract for accreditation

Врз основа на член 4 и член 25, став 3 и 4 од Законот за акредитација (Службен весник на Република Македонија бр.120/09, 53/11, 41/14, 53/16 и 83/18),

Институтот за акредитација на Република Северна Македонија, со седиште во Скопје, Бул.Гоце Делчев, бр.7, ДТЦ Мавровка, ламела А, зграда 1, кат 2, ЕМБС 5737508 (во понатамошен текст ИАРСМ), претставуван од директорот име и презиме,

и

Име на тело за оцена на сообразност (ТОС), адреса, ЕМБС _ _ _ _ _ _ _ЕДБ _ _ _ _ _ _ _ (во понатамошниот текст: подносител на барање), претставувано од управителот/директорот/одговорно лице име и презиме,

го склучуваат следниов:

**ДОГОВОР**
**за акредитација**

со кој се уредуваат правата и обврските на ИАРСМ и подносителот на барање

Член 1

ИАРСМ се обврзува непристрасно и објективно да ги изврши сите активности во процедурата за акредитација, кои му се потребни за да ја утврди компетентноста на подносителот на барањето за вршење на активности во подрачјето на оцена на сообразност, дадено во опсегот на Пријавата за акредитација.

Доколку ИАРСМ од податоците кои се на располагање утврди дека има индиции дека целите на оценувањето се промашени или дека во кој било дел од аплицирањето или процесот на првично оценување има докази за измамничко однесување или дека телото за оцена на сообразноста намерно дава лажни информации или ако телото за оцена на сообразноста крие информации, ИАРСМ ќе ја одбие апликацијата или ќе го прекине процесот на оценување.

Ако по отпочнувањето на процедурата за акредитација подносителот на барањето побара промена на опсегот на акредитација, во тој случај, во зависност од тоа колкав е опсегот на бараната промена на опсегот на акредитација, фазата на започнатата процедура за акредитација, како и другите околности кои можат да влијаат на текот на процедурата за акредитацијата, ИАРСМ одлучува дали на подносителот на барање да му ја уважи бараната промена.

Член 2

Договорот се склучува најмалку 15 дена пред почетокот на предвиденото оценување.
ИАРСМ на подносителот на барањето му го доставува договорот и фактурата за покривање на трошоците за оценување во процедурата за акредитација, пресметана согласно важечкиот Правилник за висината на надоместокот за покривање на трошоците за услугите на ИАРСМ (P10).
Подносителот на барањето за акредитација се обврзува да ја плати фактурата добиена од ИАРСМ за покривање на трошоците за оценување во процедурата за акредитација во рок од 30 дена од приемот на истата.

Ако за време на постапката на оценување се утврди дека обемот на оценување е поголем од предвидениот, односно дека за извршување на оценатa е потребно повеќе време од предвиденото, трошоците за зголемениот опсег на оценување се пресметуваат согласно важечкиот Правилник за висината на надоместокот за покривање на трошоците за услугите на ИАРСМ (P10) и дополнително се фактурираат.

Во случај на неисполнување на финансиските обврски од страна на телото спрема ИАРСМ и по истекот на 3 (три) месеци од истекот на рокот за плаќање на фактурата, директорот донесува одлука за суспендирање на акредитацијата со рок не подолг од 6 (шест) месеци, согласно Процедурата за суспендирање и повлекување на акредитација (ПР 10-01).

Член 3

Подносителот на барањето мора да има правно извршна спогодба со секој клиент, со која ИАРСМ бара од подносителот на барањето да го почитува барем следново: да има (каде што тоа е применливо) законски извршни аранжмани со своите клиенти со кои ги обврзуваат клиентите да им овозможат пристап на тимовите на ИАРСМ, за да ги оценат резултатите на ТОС при вршење на активностите за оцена на сообразност на локација/и кај клиентот и се обврзува на ИАРСМ да му овозможи пристап до сите информации кои му се неопходни за да направи оцена на исполнетоста на барањата за добивање, проширување и одржување на акредитацијата, пристап до сите простории во кои се извршуваат активностите кои посредно или непосредно спаѓаат во опсегот на акредитација.

Член 4

ИАРСМ се обврзува да ја чува тајноста на податоците кои ги добива од подносителот на барањето, а кои му се неопходни за потврдување на исполнетоста на барањата за добивање, проширување и одржување на акредитацијата. Сите податоци за подносителот на барањето, со исклучок на доделениот сертификат и опсегот на акредитација, суспендирањето и повлекувањето на акредитацијата, ИАРСМ ќе ги чува како деловна тајна почитувајќи ги сите принципи на доверливост. Освен информациите кои подносителот на барањето ги прави јавно достапни или кога е договорено помеѓу телото за акредитација и телото за оцена на сообразноста (на пример, заради одговор на жалби), сите други информации добиени во текот на процесот на акредитација се сметаат за заштитени информации и се третираат како доверливи. Кога ИАРСМ е задолжен со закон или овластен со договорни аранжмани да открие доверливи информации на ТОС, ТОС однапред ќе се извести за дадените информации.

Член 5

Со потпишувањето на овој Договор, подносителот на барањето потврдува дека е целосно запознаен со содржината на сите точки од наведените стандарди и документи на ИАРСМ кои ги дефинираат барањата за акредитација, упатствата за нивна интерпретација, процедурата за добивање, одржување, проширување, скратување, суспендирање и повлекување на акредитацијата, трошоците кои треба да ги плати за оценувањата во процедурата за акредитација, како и дека во целост се согласува со дефинираните права и обврски на двете договорни страни.

Стандарди и документи од првиот став на овој член се:

- МКС EN ISO/IEC 17025/17020,17024/17021/17065 или МКС EN ISO 15189
- Правилник за процедурата за акредитација на ИАРСМ (Р 03)

Член 6

Ако по изведеното иницијално оценување ИАРСМ оцени дека подносителот на барањето, за сите или дел од активностите од член 1 на овој договор, ги исполнил пропишаните барања за

акредитација, наведени во член 5 на овој договор, му доделува сертификат за акредитација за соодветниот опсег, со важност од четири години и знак за акредитација.
Со сертификатот за акредитација подносителот на барањето т.е акредитираното тело ја докажува својата компетентност за изведување на акредитираните активности од членот 1 став 1 од Договорот.
Подносителот на барањето како акредитирано тело се обврзува дека во период од една година т.е. до наредната надзорна посета ја одржува својата компетентност за изведување на активностите од член 1 став 1 од Договорот.
Доколку ИАРСМ утврди дека подносителот на барањето не ја одржува својата компетентност за изведување на акредитираните активности од член 1 став 1, во периодот меѓу две оцени ИАРСМ може да изврши вонреден надзор.
По доделувањето на акредитацијата, ИАРСМ најмалку еднаш годишно врши редовна надзорна посета за да утврди дали подносителот на барање за акредитација континуирано ги исполнува барањата за акредитација.
Трошоците за надзорната посета (одржување на акредитацијата) се специфицираат секоја година со фактура. Трошоците за вонредниот надзор се специфицираат со дополнителна фактура. Подносителот на барањето се обврзува да ја плати фактурата добиена од ИАРСМ за покривање на трошоците за акредитацијата во рок од 30 дена од приемот на истата. Во случај на неисполнување на финансиските обврски за трошоците за оцената од страна на телото, ИАРСМ постапува согласно член 2 од овој Договор.

Член 7

Во спротивен случај, доколку ИАРСМ оцени дека подносителот на барање, не ги исполнил пропишаните барања за акредитација, наведени во член 5 на овој договор, ИАРСМ писмено ќе го извести подносителот на барањето за акредитација за утврденото неисполнување на пропишаните барања и нема да му додели сертификат за акредитација или нема да додели одржување или проширување на акредитацијата. Подносителот на барањето мора да ги информира своите засегнати клиенти за суспендирањето, скратувањето или повлекувањето на акредитацијата и последиците поврзани со тоа, без непотребно одложување.

Подносителот на барањето за акредитација, во рок од петнаесет дена од приемот на известувањето за утврдување на неисполнување на пропишаните барања може до ИАРСМ да поднесе приговор на одлуката за недоделување на акредитација.
По приговорот одлучува Советот на ИАРСМ по предлог на Комитетот за приговори.

Член 8

Ако во времето на изведување на процедурата за акредитација настане промена на стандардите или документите од членот 24 од Законот за акредитација, врз кои се засноваат барањата на член 5 од овој договор, ИАРСМ е должен да го извести подносителот на барањето за настанатите промени и нивното влијание врз неговите права и обврски, во согласност со овој договор. Доколку оваа промена бара и промена во работењето на подносителот на барањето, ИАРСМ на подносителот на барањето му определува рок да ја прилагоди неговата работа согласно настанатите промени. Телото за оцена на сообразност мора да ги следи инструкциите на ИАРСМ за постапката за акредитација во транзициониот/преодниот период дефинирани според планот на активности при промена на барањата за акредитација, согласно Процедурата за промена на барањата за акредитација ПР 04-01.

Член 9

По доделувањето на акредитацијата, на барање на подносителот на барањето, ИАРСМ може да отпочне процедура за проширување на акредитацијата. Трошоците за процедурата за проширување на акредитацијата се специфицираат со фактура.

Член 10

Подносителот на барањето се обврзува редовно и навремено да го информира ИАРСМ за сите важни промени во врска со: правниот и економски статус, сопственоста и организациската структура, клучниот менаџерски тим, главната политика за работа, главните ресурси, работните простории, опремата и други околностите кои можат да влијаат на неговата компетентност, опсегот на добиената акредитацијата или исполнувањето на барањата за добивање и одржување на акредитацијата и дека по добивање на акредитацијата континуирано ќе ја одржува својата компетентност на постигнатото ниво.

Член 11

Подносителот на барање се обврзува да соработува со ИАРСМ при решавањето на жалбите од други лица по однос на неговата работа.

Член 12

Подносителот на барањето потврдува дека е запознаен со документот на ИАРСМ, Правилник за барањата при повикување на акредитацијата и употреба на знакот за акредитација Р 05, во кој се пропишуваат правилата при повикување на акредитацијата и употреба на знакот за акредитација, за опсегот за кој подносителот на барање има добиено акредитација. Подносителот на барање се обврзува да не го користи знакот на ИАРСМ на начин кој би му наштетил на ИАРСМ, или на начин кој би покажувал дека ИАРСМ ги има одобрено производите, процесите, системите или лицата кои се предмет на негова работа за оцена на сообразност.

Подносителот на барање изјавува дека покрај обврската за исполнување на одредбите од член 5 на овој договор е свесен за значењето на одредбите од став 1 на овој член, а во врска со тоа и потребата од соработка со ИАРСМ, како и дека нивното непочитување за ИАРСМ значи повреда на договорот од потешка природа, што на ИАРСМ му дава право да го раскине договорот.

Пред да ја донесе одлуката за раскинување на договорот, ИАРСМ писмено ќе го извести и опомене подносителот на барање дека се утврдени прекршоци од потешка природа и ќе определи рок за нивно отстранување.

Член 13

Подносителот на барање за акредитација е запознаен дека согласно со меѓународните правила за акредитација ИАРСМ не презема одговорност за утврдената сообразност на производите, процесите системите или лицата, кои се предмет на работата на подносителот на барање за акредитација во подрачјето на оцена на сообразност за кое му е доделена акредитација.

Член 14

Подносителот на барање потврдува дека е запознаен дека за потребите на прекугранична акредитација, ИАРСМ има право да користи локални акредитациони тела (ЛАТ) за спроведување на оценување на активности што ТОС ги извршува во земји различни од Република Северна Македонија, без потреба од претходно одобрување или известување од страна на ТОС, доколку ЛАТ е потписник на соодветниот мултилатерален договор (EA MLA) и обезбедува акредитација за соодветната активност за оцена на сообразност.

Исто така, ТОС дава согласност ИАРСМ и надлежното ЛАТ да разменуваат релевантни информации во врска со ТОС, дури и во случаи кога ЛАТ не врши оценување на ТОС.

Член 15

Овој договор може да се промени само со анекс на договор.

Член 16

Подносителот на барањето може еднострано да го раскине овој договор со доставување на писмено известување до ИАРСМ за намерата за негово раскинување, со рок за раскинување од три месеци.

ИАРСМ може еднострано да го раскине договорот во случај на прекршувања на член 2, член 6, член 10 и член 11 од овој договор.

Член 17

Евентуалните спорови кои ќе произлезат од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено. Во спротивно за решавање на спорот ќе одлучува надлежниот суд во Скопје.

Член 18

Овој договор стапува на сила од денот на потпишување од двете договорни страни и важи до датумот на важењето на акредитацијата.
Датумот на важење на акредитацијата е назначен на сертификатот за акредитација.

Член 19

Овој договор е составен во четири идентични примероци. За секоја договорна страна по два примерока.

| | |
|---|---|
| Број:<br>__ - __________<br>__ ___ 20___ | Број:<br>__ - __________<br>__ ___ 20___ |
| Назив на организацијата/телото за оцена на сообразност<br>адреса | За<br>Институтот за акредитација на Република Северна Македонија,<br>Бул.Гоце Делчев, бр.7, ДТЦ Мавровка, ламела А, зграда 1, кат 2<br>Скопје |
| Управител/Директор | Директор |
| Име и презиме | Име и презиме |